# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2025

*Сабота, 5 јули 2025*

## ЉУБЕТЕ ГИ СВОИТЕ НЕПРИЈАТЕЛИ

**Матеј 5,43-44** *„Сте чуле дека било речено: ‘Љуби го својот ближен и мрази го својот непријател’. А Јас ви велам: Љубете ги своите непријатели и молете се за оние, кои ве гонат“.* Понекогаш слушаме нешто што ни звучи толку неразумно, што дури и се прашуваме: „Сигурно се шегува“!? Изгледа како во нашиот текст Исус да зборува нешто што звучи доста неразумно. Всушност, оваа реченица го надминува она што го сметаме нормално. Таа оди против сѐ што нѐ научиле и сите пораки кои ни ги испраќа современата култура. Како можеме да ги сакаме оние кои не злоупотребуваат и малтретираат? Сакаме правда! Сакаме одмазда! Здравиот разум ни зборува дека проштавањето на тие луѓе нѐ прави ранливи и дека тогаш стануваме жртви на нова злоупотреба.

Размислувајте за лошите луѓе во вашиот живот. За оние кои ве малтретирале додека сте растеле, за оние кои ве искористувале во подоцнежните години. Секој од нас би можел да направи список на луѓе кои е многу тешко да се сакаат. Всушност, најмногу би сакале овие луѓе да се држат подалеку од нас. Сеќевањето на нив не предизвикува никакви топли чувства. Ние сме наклонети да ја прифатиме првата реченица од текстот кој зборува за љубовта кон ближните и омразата кон непријателите. Но вистина е дека Исус, без оглед на тоа колку е тешко, ги повикува своите следбеници да живеат на повисок стандард од остатокот на светот. Тој вели дека луѓето ќе ги препознаат Неговите следбеници според начинот на кој ја покажуваат својата љубов. Веројатно ќе се запрашате: „Зар не постојат исклучоци од ова правило“? Според Исус нема исклучоци. Треба да ги сакаме сите. Нашата цел за денес е да откриеме дека Исус сака оваа безусловна љубов кон сите да стане реалност во нашиот живот.

**I. Учење кое во потполност е спротивно на културата**

***А. Исус го започнал ова поучување со она што очигледно било популарно еврејско учење.***

Исус овде не цитира некој одреден старозаветен исечок. Всушност, овој концепт не се наоѓа во ниту една старозаветна книга. Ваквиот заклучок најверојатно го донеле рабините кои подоцна, заедно со народот, го толкувале Законот. До ваквото толкување се дошло на тој начин што „ближниот" се дефинирал доста прецизно, т.е. како друг припадник на еврејскиот народ. Тоа значело дека сите оние кои не биле Евреи, всушност биле непријатели. Тоа популарно учење го применувале многу побожни Евреи.

Во некои кругови непријателот бил дефиниран како оној кој не е верник или е непријателски настроен кон Бога. Без оглед на оригиналната дефиниција, не ни е тешко да се воодушевиме од оваа идеја. Очигледно е дека се воодушевиле и Исусовите слушатели во првиот век.

***Б. Ова учење било спротивно на културата во Исусово време, што е спротивно на културата во дваесет и првиот век.***

Во 2. Мојсеева 23 и Мудри изреки 25 можеме да видиме дека Израелците биле поучувани да им помагаат на своите непријатели. Тоа не е толку тешко остварливо. Можеме да му помогнеме на некој, иако не ни се допаѓа. Во согласност со грчкиот начин на размислување, понекогаш требало да ги повредите своите непријатели повеќе отколку што тие ве повределе вас. Многу грчки филозофи на извонредно остар начин одговарале на своите критичари. За покорениот народ, како што бил Израелскиот народ, ова ново учење било нешто што доста тешко можело да се разбере. За луѓето кои живеат во светот на натпреварувањето и непријателството, како што е нашето, ова учење не е ништо полесно.

Учењето да им се помага на непријателите Христос го подигнал на уште повисоко ниво. Тоа не е ниво на кое само им помагаме на непријателите, туку и ги сакаме оние кои лошо се однесувале кон нас. Како заповедта да ги сакаме да не е доволно тешка, Исус бара и да се молиме за тие непријатели.

## II. Учење кое нè повикува кон другите да се однесуваме онака како што Бог се однесува кон нас

***А. Додека го истражувате Исусовото учење, ќе видите дека за Него било вообичаено да ги повикува своите следбеници да го надминат она што од нив обично се очекувало.***

За нашиот начин на живот да му биде угоден на Бога, тоа подразбира многу повеќе од избегнување на екстремен грев. Размислете за овие два примера наведени во 5-тата глава:

а. Избегнување на убиство подрабира многу повеќе од тоа да не се убива. Тоа значи избегнување на омразата и лутината.

б. Избегнување на прељуба е многу повеќе од воздржување од љубовна афера. Тоа значи избегнување од гледање на припадници од спротивен пол со желба.

Исус гради ограда околу законот на љубовта за да им помогне на своите слушатели да ја разберат првобитната Божја намера. Со ова учење Исус ги повикува своите следбеници да имаат љубов која не познава никакви етнички, општествени или економски граници. Тоа е љубов која го сака најдоброто за другата личност, без оглед на личните жртви.

Ова учење бара да ја напуштиме вообичаената филозофија на заговарање на сопствениот интерес.

***Б. За да можеме во потполност да ја разбереме Исусовата заповед, мораме подобро да го разбереме Исусовиот концепт на љубовта***.

Никаде во еврејската култура, па ни во нашата, не постои толку радикална дефиниција на љубовта – која се однесува дури и на непријателите!

Грчкиот збор кој во текстот се користи за љубов е „агапе“. Тоа е највисокиот и најблагороден тип на љубов.

Оваа љубов не е ниту сентиментална, ниту романтична. Всушност,овој вид на љубов не зависи од чувствата.

За Исус, љубовта не била чувство, туку чин на волјата. Љубовта секогаш ќе работи за доброто на другите, без оглед на нивната реакција.

***В. Исус со својот пример го прикажувал ова учење***.

Исус во агонија, додека од челото Му капеле капки од крвава пот, се молел за жртвата која бил подготвен да ја направи.

Го излечил увото на слугата на првосвештеникот кој се наоѓал меѓу мноштвото кое дошло да го уапси.

Им простил на своите убијци додека умирал на крстот.

Неговите непријатели ја искористиле сета своја политичка и воена моќ против Него, но Тој не ги мразел, туку ги сакал.

Исус продолжува да нè сака без оглед на сè. Правејќи го ова, Тој ја дефинирал љубовта за сите времиња.

Бог толку го сакал светот, и добрите и лошите, што го дал својот единороден Син за да умре за гревовите на сите луѓе.

**III. Како ова навидум неразумно учење да стане реално во нашиот живот**

***А. Научете дека љубовта не бара одмазда.***

Потребно е да сфатиме дека ова возвишено мерило на кое Исус нè повикува не може да се оствари со нашата сопствена сила.

Кога ќе нè навредат, мораме да се воздржиме. Да одговориме со почит кога ни се закануваат и секогаш да бидеме подготвени да одговориме подобро од она што очекуваат.

Да, тешко е, бидејќи наша природна наклонетост е да се одмаздиме и пресметаме кога некој ќе ни направи нешто лошо.

Многу е полесно да се сакаат оние кои се добри кон нас, но најголемиот испит на нашата зрелост во Христос е дали можеме да научиме да ги сакаме оние кои ги сметаме за свои непријатели.

Кога не сакаме да им се одмаздиме на оние кои грешат против нас, покажуваме дека вистински му припаѓаме на Исус.

Бог не се одмаздува на оние кои Го презираат. Тој прави сонцето да ги грее и праведните и лошите.

***Б. Научете да се молите за оние кои се лоши кон вас.***

Кога некој ќе ве повреди, нашата прва мисла упатена кон Бога е: „Боже, уништи го“!

Но, Исус ни вели дека треба да ги надминеме нашите природни инстинкти и да почнеме да ги развиваме Божјите инстинкти.

Кога се молиме, тоа покажува каква е вистинската состојба на нашето срце.

Ништо друго не бара поголема вера во Бога од молитвата за оние кои погрешно се однесуваат кон нас.

*„Ако е гладен твојот непријател, нахрани го со леб, и ако е жеден, напој го со вода, зашто така му натрупуваш жар на главата, и Господ ќе те награди“ (Мудри изреки 25,21.22).*

Кога на лошото одговораме со љубезност, луѓето ќе можат да видат дека му припаѓаме на Исуса Христа.

***В. Научете да ги сакате своите непријатели затоа што Бог ги сака.***

*„Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот. Зашто Бог не Го испрати Својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него“* (Јован 3,16.17).

Бог не прави разлика меѓу луѓето: Тој подеднакво ги сака и на секоја душа ѝ дава можност да пронајде проштавање и благодат преку Неговиот Син. Ако тврдиме дека сме Божји деца, ќе им пружиме љубов на сите луѓе, без оглед на нивните реакции.

Дали сакате да бидете како Исус? Дали сакате да Го претставувате во овој свет: тогаш научете да имате љубов каква што имал Тој.

**Заклучок**

Кори Тен Бум, жена која го изгубила поголемиот дел од своето семејство во Нацистичкиот концентрационен логор, често држела предавања за благодатта. По едно предавање, додека се поздравувала со посетителите, и пристапил еден човек кој открил дека бил бивш чувар во логорот. И ја подал својата рака со желба да се ракуваат. Само тогаш кога го побарала Божјото водство и посакала Тој да дејствува преку неа, успеала да му ја подаде раката и да му прости.

*Сабота, 2 август 2025*

## ЕВАНГЕЛИЗМОТ ВО АПОСТОЛСКАТА ЦРКВА

**Дела 1,8. „Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци како во Ерусалим, така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сѐ до крајот на земјата.“**

Книгата Дела апостолски ни изнесува еден восхитувачки извештај; го гледаме ширењето на пораката на Евангелието и сведочењето на мала група верници која прераснува во огромна група христијани чиј број надминал десетици илјади верници. Читајќи ја оваа книга, гледаме како ширењето на пораката на евангелието било започнато во Ерусалим и како било пренесено во сите краишта на земјата. Прашањето кое нѐ мачи е: Зошто денес е тешко да се дојде до ваков успех? По што се разликуваат луѓето споменати во Дела апостолски од нас денес? На почетокот на книгата гледаме обична група луѓе кои се слични на нас, од кои се бара да остварат неверојатно голема задача. Несомнено е дека тие стравувале дали ќе можат да го остварат она што Исус го побарал од нив. Ако сме во потполност искрени, целата замисла на евангелизмот е доста застрашувачка. Како и од учениците и од нас се бара да ја пренесуваме пораката која е спротивна на денешната култура, порака која го ангажира не само умот, туку и срцето. Еден постојан факт за евангелизмот е дека тој секогаш се занимавал со човечките односи. Евангелизмот од нас бара да ги градиме меѓучовечки односи и преку тие односи да помагаме во изградбата на заедницата со Исуса Христа. Денес ќе пропатуваме низ целата книга Дела апостолски и ќе се обидеме да откриеме како евангелизирала раната црква. Веројатно ќе се изненадиме колку сме се оддалечиле од библискиот пример. Ајде да го откриеме значењето кое Лука го забележал, а кое може да ни користи во денешно време.

### I. Записот на Лука за ширење на Евангелието

### А. Ерусалим бил отскочна штица за движењето

Сѐ започнало во Ерусалим кога Петар на Денот Педесетница ја проповедал пораката која, без сомнение, ја сметале за доста навредлива.

Петар дал докази за исполнувањето на пророштвото за да влијае на умот на слушателите и зборувал за однесувањето на нивните предци за да влијае на нивните срца. Зборовите на Петар, според грчкиот текст, ги стоплиле срцата на луѓето кои стоеле во мноштвото.

3. До крајот на тој ден, апостолите се нашле во центарот на движење кое од 120 луѓе пораснало на повеќе од 3000.

4. Големата задача пред учениците сега не била само евангелизирање, туку ученишто и оспособување на сите нови верници да ја извршуваат задачата која Исус ѝ ја предал на црквата.

5. Стихот на крајот од втората глава на Дела апостолски покажува дека процесот на ученишто бил приоритет во раната Црква и дека функционирал додека Црквата продолжувала да расте.

**Б. Прогонството како фактор кој предизвикал ширење на движењето.**

Кога почнало да се јавува спротивставување од страна на верскиот систем во тоа време, прогонството станало сурова вистина на раната црква:

а. Во четвртата глава Петар ја проповеда својата втора порака, поради која завршува во темница.

б. Во седмата глава, Стефан проповеда порака која ја наведува толпата да го каменува.

2. Без оглед на сè поголемото противење на Евангелието, Лука бележи дека бројот на верниците продолжувал да расте.

3. Смртта на Стефан предизвикала ескалација на прогонствата и затоа многу нови верници морале да го напуштат Ерусалим.

4. Новите верници го напуштиле Ерусалим, но продолжиле да ја проповедаат пораката каде и да оделе.

**В. Движењето се шири и станува светско движење**

Наскоро регионалниот раст станал глобален.

Бог го избрал Савле од Тарс, еден од водечките прогонувачи на црквата, да го води движењето кое се ширело до најдалечните граници на познатиот свет.

Поглавјата 13-28 во Дела апостолски покажуваат како Савле, кој подоцна ќе стане познат како Павле, го предводел пренесувањето на пораката за Исуса Христа на нови територии.

Евангелието пристигнува на нова територија и се соочува со нови пречки и спротивставувања, но Црквата и понатаму продолжува да расте.

**II. Проценување на ситуацијата во која се наоѓаме денес**

**А. Разбирање на динамиката на нашата култура**

Во една анкета која неодамна ја објавила групата Барна, било откриено дека 31% од населението не припаѓа на ниту една црква и дека тој број расте со секоја нова генерација.

Духовната љубопитност е секогаш на високо ниво. Луѓето посебно се заинтересирани за духовност според „сопствените замисли“.

Луѓето се многу скептични кон организирана религија и имаат малку корист од она што го гледаат во традиционалната црква.

Луѓето се многу недоверливи, но сепак имаат длабока желба да бидат вклучени во меѓучовечките односи.

Според една анкета на Галуп, Американците се најосамените луѓе и се под најголем стрес на светот.

72% од Американците поголемиот дел од времето го поминуваат размислувајќи за себе и за сопствената среќа.

**Б. Откривање на потребите на луѓето на кои се обидуваме да им сведочиме**

Луѓето сакаат богослужбено искуство кое влијае на нивното срце и ја крепи нивната душа.

Луѓето очајно сакаат да го откријат својот духовен идентитет и да откријат како се вклопуваат во Божјиот план.

Луѓето не сакаат *статус кво*, тие очајно сакаат да бидат дел од нешто што ќе ја направи разликата.

Луѓето сакаат автентични меѓучовечки односи во кои ќе се чувствуваат безбедно и прифатено.

Луѓето сакаат порака која ќе го промени нивниот живот и ќе му даде значење и цел.

Пред да можат луѓето вистински да ја слушнат пораката, мораат да пронајдат место на кое ќе му припаѓаат и ќе се чувствуваат прифатени.

**В. Да научиме вистински да се поврземе со оние до кои се обидуваме да допреме.**

Потребно е да ги сретнеме луѓето таму каде што тие се наоѓаат и да ги сакаме пред тие да слушнат што било од тоа што имаме да им го кажеме.

Сѐ што правиме како црква мора да се извршува на прекрасен начин; доволно добро не е прифатливо во нашата култура.

Сите наши програми и богослужби мораат да бидат свежи и да имаат острица која успешно ќе совлада многу пречки за да допре до другите. Поучувањето треба да предизвика раст и промена на животот.

**III. Поуки кои можеме да ги научиме од вистинските верници**

**А. Самозадоволството најбргу може да го запре евангелизмот.**

Можеме да бидеме криви за разводнување на пораката ако се трудиме да не повредиме ничии чувства.

Можеме да почнеме да веруваме дека нашиот труд нема да направи разлика и едноставно да прифатиме дека работите никогаш нема да се променат.

Можеме да станеме задоволни со сегашната состојба или да мислиме дека тоа се најдобри денови за нас. Без оглед на начинот на кој ги гледаме работите, самозадоволството е опасно, и тоа многу повеќе од негрижата и рамнодушноста.

**Б. Целата црква мора да прими визија за допирање до изгубените**

Кога црквите ќе наидат на тешки времиња, тие се обидуваат да преживеат трудејќи се да го задржат она што веќе го имаат.

Визијата за допирање до другите обично е првата која страда, бидејќи најмногу ги троши црковните ресурси.

Црквата никогаш немала за цел да биде собир на христијани, место на кое тие доаѓаат еднаш неделно за да се чувствуваат подобро. Сè додека постои уште една личност која треба да слушне за Исус, ние имаме работа која мораме да ја завршиме.

Ако сакаме да ја оставиме црквата на следната генерација, не смееме евангелизмот да го препуштиме само на професионалците.

**В. Евангелизмот е работа за сите**

Многу луѓе, кога ќе почнеме да разговараме за евангелизмот, велат: „За тоа проповедникот добива плата".

Големиот налог им е предаден на сите христијани и наша одговорност е да се погрижиме да влијаеме на оние кои Бог ги поставува на нашиот пат.

Во целиот Нов завет гледаме како водачите на црквите ги оспособуваат сите да ја спроведуваат мисијата на црквата.

Нашата визија треба да биде ваква: Секој верник и секоја рака се подава кон оние на кои им е потребен Исус Христос.

Ако ја изгубиме од вид целта поради која сме повикани, тогаш ќе го изгубиме својот идентитет.

**Заклучок**

Ева Харт се сеќава на ноќта 15 април 1912 година, кога Титаник потонал на дното на Атлантскиот Океан, кој на местото на потопувањето е длабок три километри, два часа и четириесет минути откако ледената санта направила огромна дупка на страната на бродот. Тогаш имала само седум години, но добро се сеќава на сè: „Го видов сиот ужас на потопување на бродот и ги слушнав, што е уште поужасно, извиците на луѓето кои се давеа".

Иако беа спуштени дваесет чамци за спасување – беа премногу малку и беа делумно полни – повеќето патници завршија во студеното море, додека чамците пловеа на безбедна оддалеченост.

Чамецот за спасување број 14 довесла до местото откако „бродот кој не може да потоне" исчезна под површината на морето во два часот и дваесет минути наутро. Само еден чамец одел кон човечките повици во темнината, барајќи и спасувајќи неколку ска-

поцени души. Не му се придружил ниту еден друг чамец! Само неколку чамци биле претоварени, додека другите полупразни спокојно пловеле на сигурно и оддалеку ги слушале извиците на изгубените. Луѓето кои безбедно седеле во полупразните чамци, стравувале дека непознатите пливачи ќе навалат и ќе го преврттат нивниот чамец.

„Јас дојдов да барам и да ги спасам изгубените“ – рекол нашиот Спасител. Тој ни дал налог да го направиме истото. Но, ние се соочуваме со голема пречка: со нашиот страв. Додека луѓето се дават во опасните води околу нас, ние сме во искушение да останеме на суво и да се грижиме никој да не го залула нашиот чамец.

*Сабота, 6 септември 2025*

## ВЕНЧАВКА КАЈ БУНАРОТ

**Бунар и венчавка**

Аврам одлучил дека е време неговиот син Исак да се ожени. Во библиско време татковците ги донесувале таквите одлуки. И, така, Аврам го испратил својот слуга да оди во неговиот роден крај, во туѓа земја, и меѓу неговите роднини да пронајде жена за Исак. Слугата натоварил десет камили и голем број подароци и тргнал на пат (1. Мојсеева 24)

Кога стигнал во туѓата земја, слугата застанал кај еден бунар и се помолил: „О, Господи, Боже на мојот господар Авраам, Те молам, излези ми денес во пресрет и искажи му милост на мојот господар Авраам! Еве ме крај кладенец, а ќерките на оние од градот доаѓаат да нацрпат вода; и нека девицата на која и речам: ’Те молам, спушти ја твојата врчва да се напијам,’ а таа ми одговори: ‘Пиј! Ќе ти ги напојам и камилите,’ - биде онаа, што си ја определил за својот слуга Исак. Така ќе разберам дека си покажал милост кон мојот господар.“

Пред да ја заврши молитвата, на бунарот стигнала Ревека и направила сè што побарал. Кога завршила со поењето на камилите,

таа истрчала дома. Слугата на Аврам бил повикан на вечера, но пред да почне да јаде, побарал да се договори венчавката на Ревека и Исак.

И синот на Исак и Ревека својата жена ја сретнал на бунар (1. Мојсеева 29). Откако отпатувал во туѓата земја, Јаков застанал во близина на еден бунар и почнал да се распрашува дали некој ги познава неговите роднини. Во тој момент кај бунарот дошла една млада жена. Писмото вели дека Јаков ја бакнал и заплакал. Потоа нејзиниот татко и Јаков се договориле околу нивниот брак.

Да се упатиме малку понапред, до Мојсеја. Откако се нашол во сериозна неволја со Египетскиот фараон, Мојсеј побегнал од Египет и отишол во туѓа земја наречена Мадијан. Писмото вели дека седнал кај еден бунар (2. Мојсеева 2) Што очекуваме сега? Секако – мадијанскиот свештеник имал седум ќерки и тие со татковото стадо дошле по вода на бунарот, покрај кој Мојсеј се одмарал. Но, една група овчари почнала да ги задева овчарките. Мојсеј се вмешал, ги одбранил девојките и се погрижил нивните стада да добијат вода, и потоа тие си отишле дома. Потоа, Мојсеј бил повикан на вечера и добил една од седумте сестри, Сефора, за жена. Бунарите и венчавките како да оделе заедно.

**Бунарот на Јаков**

Што се случува во Јован 4? Знаејќи за темата за која денес размислуваме, што мислите за оваа сцена? „Така дојде во самарјанскиот град, наречен Сихар, во близина на земјиштето, што Јаков му го даде на сина си Јосифа; таму беше Јакововиот Извор. А Исус, изморен од патот, седеше така на кладенецот; беше околу шестиот час“ (стихови 5 и 6).

Слично на Неговите предци и Исус отишол во туѓа земја, во Самарија, и седнал покрај бунарот. Само неколку стихови порано, Јован Крстител зборувал за женидба: „Кој има невеста, тој е младоженец. А пријателот на младоженецот, кој стои и го слуша, се радува многу штом ќе го чуе гласот на младоженецот. И така, оваа моја радост се исполни“ (3,29). Што сакал Јован Крстител со тоа да каже? Што се предлага со овој редослед на настаните?

Седмиот стих вели: „Дојде жена Самарјанка да наполни вода“. Слично на Ревека, Рахила, Сефора и нејзините сестри, една жена Самарјанка дошла да наполни вода: „Дојде една самарјанка, за да нацрпи вода. Исус и рече: ’Дај Ми да пијам!’ Зашто учениците Негови беа отишле во градот да купат храна“ (стихови 7 и 8). Подоцна, во извештајот читаме дека учениците, кога се вратиле од набавката на храна (4,2), биле збунети. Писмото вели дека се чуделе што разговара со жена, но оваа одредена жена била огромен проблем. Самарјанка не може да биде дел од Исусовото семејство. Таа не е прифатлива. Зошто не? Која е таа? Откако Исус побарал да пие, во 9 стих читаме: „Самарјанката Му рече: ’Како Ти, Јудеец, бараш од мене, Самарјанка, да пиеш?’ Имено, Јудејците не општеа со Самарјанците.“

Таа била изненадена од тоа што Исус разговара со неа; жена и човек кои не се познавале не требало ни да разговараат во јавност. Изненадена е и од тоа што еден Евреин бара вода од неа, бидејќи Евреите никогаш не би користеле сад за пијалак или за јадење кои ги користел Самарјанин. Евреите сметале дека Самарјаните се нечисти на сите можни начини.

Гејл Р. Одеј професорка по Новиот завет забележала: „Самата жена забележува скандал во нивниот разговор“. Ова непријателство потекнува од военото време кога Божјиот народ бил победен и преселен. На оние кои склучувале брак мешајќи се со други народи - Самарјаните – оние кои тоа не го правеле гледале на нив од висина. Имале „духовни никулци“, бидејќи Евреите и Самарјаните имале различни комплети на свети книги – различна херменаутика – а и затоа што Евреите и Самарјаните имале различни обичаи на богослужба. Од перспектива на учениците, таа не може да биде дел од Исусовото семејство, бидејќи е Самарјанка. А секој момент кој Исус го поминува со неа претставува престап во согласност со општественото однесување. Сепак, Исус го продолжува разговорот со неа!

Исус ѝ зборувал: „’Кога би знаела за Божјиот дар и Кој е Оној што ти вели: ‘Дај ми да пијам,’ ти би побарала од Него и Тој би ти дал жива вода’. Жената Му одговори: ’Нема со што да нацрпиш, господине, а кладенецот е длабок! Тогаш, од каде имаш жива во-

да? Зар си Ти поголем од нашиот татко Јаков, кој ни го даде кладенецов? И тој самиот пиеше од него, и неговите синови, и неговиот добиток!'" (4,10-12).

Забележете дека овој дел повторно нѐ потсетува на приказната за Јаков. Нѐ потсетува дека Јаков е роден поради средба на бунарот. Нѐ потсетува дека Јаков и неговите синови на ова место ги наводнувале своите полиња и ги поеле своите животни. *Исусе, дали си Ти поголем од Јаков?* Конечно, ова е евангелие кое почнува со: „Во почеток беше Словото, и Словото беше со Бога, и Словото беше Бог!" Јаков го дал овој извор, неговата вода и безбедно место за живот и напредок. Овде Јаков ја дал иднината. Исусе, дали си ти поголем од Јакова? „Исус во одговор и рече: 'Секој кој пие од водава, пак ќе ожедни. А кој пие од водата што Јас ќе му ја дадам нема да ожедни довека, туку водата што ќе му ја дадам, ќе стане во него извор на вода, извирајќи во вечен живот'" (4,13.14). „Жената Му рече: 'Господине, дај ми таква вода...'"

Можеме да се изненадиме од следните Исусови зборови. Таа, од претпоставката дека нејзиниот предок Јаков бил поголем од Исус, поминала на барање жива вода од Исус. Зар тоа не е она што сите треба да го правиме – да бараме? Зошто, тогаш, во оваа средба Исус го споменува нејзиното минато?

Современите читатели обично ја сметаат за неморална жена со грешно минато – поради нејзините пет брака, и затоа што во времето, кога го сретнала Исус, живеела со човек кој не ѝ бил маж. Меѓутоа, во Исусово време мажите ги донесувале одлуките за бракот и разводот, а не жените.

За разлика од денешно време, тогаш само мажите можеле да добијат развод, да го напуштат своето семејство и да го избркаат брачниот другар. Исто така, во Исусово време, жената не можела да преживее доколку не била поврзана со некој маж. Откако прв пат останала сама (поради смрт или развод), доколку немала татко или брат, или возрасен син кој би ја примил, за да преживее, морала да се врзе со друг маж. Поминувањето низ ова болно искуство пет пати, е трагично и не може да се опише. Со оглед на светот во Исусо-

во време, нејзината животна приказна веројатно повеќе зборува за отфрлена жена со болно минато, отколку за неморална жена со грешно минато. Зошто толку пати била отфрлана?

Бидејќи нејзините моментални животни услови биле засновани на нејзиното преживување, живеела со некој кој одбил да ја признае својата одговорност кон неа. Веројатно би требало да ја гледаме повеќе како робинка која морала да направи сè што тој сакал, отколку како љубовница која има афера. Се обидувала да преживее. Ако живеел со неа, негова должност би била да се ожени со неа.

Каква и да е нејзината тажна приказна, кога Исус од неа побарал вода на бунарот на Јаков, во очите на општеството оваа жена била поинаква од Ревека, Рахила и Сефора. Тие биле млади девојки со татковци кои им обезбедувале сигурност пред бракот. Сретнале мажи, кои водени од Бога, им понудиле заштита во домот, ветување, деца и надеж за иднината. Оваа жена Самарјанка како да нема ништо од тоа. Нејзиното минато било полно со болка.

Сепак, Исус продолжува да разговара со неа. Продолжува да ѝ нуди жива вода. Тој ѝ објавува дека доаѓа Неговото „време“ и кога тоа ќе дојде, обожавањето на Бога нема да биде етничко прашање и нема да биде важно дали некој го обожава на оваа или на онаа гора. Со Исус дошло време вистинските верници да го обожаваат Бога во духот и вистината. Исус ѝ зборува дека Бог бара вистински верници. Со оваа средба на бунарот, Божјото семејство се проширило!

За првпат во Евангелието според Јован, Исус го открива својот вистински идентитет (3). Кога почнува да се зборува за Месија што треба да дојде, Исус ѝ зборува: „Јас сум“! Јас сум Живата вода, Месија, оној кој доаѓа, оној кој дојде, Бог! Наеднаш, нејзината надеж за иднината станува и надеж за сегашноста. Месија не е некој кој треба да се очекува, Месијата е тука... присутен со неа и со нас! Таа го доживеала присуството на иднината.

**Присуство на иднината**

Едно од адвентистичките убедување кое е истакнато е чувството за присутност во иднината; надежта за Исусовото враќање дека сè ќе стане ново. Ние веруваме дека уште сега треба да живее-

ме во согласност со нашата надеж. И таквиот посветен живот ни дава увид во иднината. Ако еден ден ќе се постапува кон еврејските мажи и жени Самарјанки еднакво, според адвентистичкото верување, тоа време веќе дошло! Иднината била присутна кога жената Самарјанка рекла: „Знам дека ќе дојде Месија", а Исус ѝ одговорил: „Јас сум Месија"!

Речиси, во сите библиски описи, кога жената и мажот ќе се сретнеле на бунарот, жената го напуштала бунарот и се враќала кај своето семејство, а потоа семејството доаѓало да се сретне со човекот, идниот младоженец, кај бунарот. Потоа, откако заедно ќе јаделе, правеле планови за свадба. Во Јован 4, жената Самарјанка не оди кај своето семејство. Ова е уште еден знак дека таа најверојатно нема семејство. Но, оди во својата општествена заедница.

Интересен е фактот дека, додека таа оди во градот на сите да им раскаже за Месија, учениците пристигнуваат од градот со храната. Дали се сеќавате како слугата на Аврам одбил да јаде од храната сè додека не се склучи брачниот договор меѓу Исак и Ревека? Ни Исус не сакал да ја јаде храната која учениците ја донеле. Наместо тоа, Тој почнува да зборува за тоа дека Неговата храна е завршување на Божјото дело, дека има некои планови „за свадбата која треба да ја договори". Учениците биле потполно збунети и се прашувале кој го нахранил. Во меѓувреме жената Самарјанка со цело срце проповеда по градот.

Она што го правеле вистинските ученици, Андреј и Филип, кога сведочеле за Исус, „Дојдете и видете", така зборувала и таа, „Дојдете и видете"" (1,39.46; 4,29). Таа сведочела и луѓето во нејзиниот град поверувале во Исус поради нејзините зборови (4,39.4; 17,20). Што го навело градот на Самарјаните да се заинтересира за жедниот Еврејски странец кој седи покрај бунарот?

И покрај болното минато на жената Самарјанка, ограничувањата и прашањата, Бог ја употребил да носи луѓе кај Исус. Подоцна, Исус им вели на учениците: „Јас ве испратив да жниете, каде што не сте се труделе. Други се трудеа, а вие влеговте во нивниот труд" (4,38). Кој работел порано? Евреите? Жената Самарјанка? Бог? Оние што ја проповедаат радосната вест ја извршуваат Исусовата рабо-

та. „Јас сум“ ги повикува човечките суштества да стапат во Неговата работа и нашите слаби напори ќе се надоградуваат со оние кои заминале порано - луѓе како што биле Филип и Андреј и жената Самарјанка.

Исус зборува за полињата кои се зрели за жетва, а учениците се збунети. Тие отишле во градот и донеле храна која Исус не ја сакал. Нив не им паднало на памет да ги донесат Самарјаните кај Исус. Но, полињата се зрели за жетва и жетвата почнала. Луѓето од градот почнале да доаѓаат низ полињата за да се сретнат со Исус на бунарот. Тие ќе го поделат оброкот со Него – вистински оброк, Исусовата вистинска храна, а тоа е исполнување на Божјата волја: делење на Божјата добрина со Самарјаните; создавање на вистинско семејство!

Тие заедно ќе ги направат свадбените планови. Писмото вели дека Исус бил кај нив два дена. Овој настан зборува за блискоста, за поврзувањето, за роднинските односи. Тие се дружеле заедно како едно семејство. Бидејќи Исусовата новозаветна невеста/црквата ги надминува сите граници, Исус, Младоженецот, е навистина Спасител на светот.

Божјото семејство се проширило. Жетвата почнала. Бидејќи Исус два дена уживал во гостопримството на Самарјаните, а тоа значело дека често делеле прибор за јадење и садови за пијалак. Кога жените од другите самарјанските домови оделе на бунарот по вода за готвење, за да го послужат Исуса и Неговите ученици, дали учениците оделе со нив да им помогнат? Кои предрасуди се срушени во текот на тие два дена? Како очите на учениците се отвориле? Всушност, тие во иднина ќе го следат примерот на жената Самарјанка, доведувајќи ги сите луѓе кај Исуса, во различни градови и села.

**Исус е повторно жеден**

На крајот од Јовановото евангелие, кога читаме дека Исус е предаден да биде распнат, пишува дека било шест часот (попладне), во исто време кога Исус се одморал кај бунарот и ја запознал же-

ната Самарјанка (4,6; 19, 13.14). Исусовото тело сега е исцрпено од работа – Тој повеќе не е покрај бунарот, Тој умира на крстот.

И Исус е повторно жеден. За што би можел Исус да биде жеден? Тој е живата вода. Дали е Исус жеден за светот во кој Евреите и Самарјаните заедно одат на богослужба? Свет во кој правдата тече како поток, како жива вода? За што бил можел Исус да биде жеден? Тој е живата вода. Дали Исус е жеден за свет каде жените со болно минато доживуваат сигурност во новото семејство? Свет без предрасуди, без дискриминација? Дали Исус е жеден за свет во кој жените и мажите се среќаваат покрај бунарот и еден на друг си нудат иднина без интегритет, блискост, верност и љубов? Свет во кој луѓето од сите нации го сочинуваат Божјото семејство? Свет во кој никој никогаш нема да биде жеден? Исус рекол, „Се сврши". Тој го завршил своето дело – дело кое го одржувало, кое било негова храна (4,34), засекогаш кршејќи ги пречките што постоеле меѓу Евреите и Самарјаните.

Кога војникот го пробил Исусовото тело, крв и вода потекле од Живата вода. Бунарот на Јаков можел и понатаму да дава вода за полињата во Сихем, но водата од Исусовото тело го полева светот преполн со полиња зрели за жетва; земја која ги чека жетварите. Како би било да живееме така што изворите на Живата вода ќе течат од нас? Како би било да ја делиме таа Жива вода со другите? Замислете ги луѓето во нашите градови како ни зборуваат зборови кои засекогаш ќе ја прославаат жената Самарјанка: „Сега не веруваме заради твоето кажување; зашто самите чувме и знаеме дека Тој е навистина Христос, Спасителот на светот" (4,42).

**Градиво за саботна школа**
**МИСИОНСКИ ПРОПОВЕДИ**
**3/2025**
Излегува тримесечно

**Издава:**
Одделение за саботна школа
Христијанска адвентистичка
црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Илија Киров

**За интерна употреба**